**АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ**
**ВИНЕР - ВИЕНА ИНШУРЕНС ГРУП СКОПЈЕ**

# УСЛОВИ

## ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ НА РАБОТОДАВАЧ

(пречистен текст)

Усвоени и донесени со одлука на Управниот одбор на ВИНЕР Виена Иншуренс Груп АД Скопје

број 5276/0202/1/19 од 15.04.2019 год

## ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Поедини изрази во овие Услови значат:

**ОСИГУРУВАЧ** - Акционерско друштво за осигурување ВИНЕР – Виена Иншуренс Груп Скопје.

**ДОГОВАРАЧ НА ОСИГУРУВАЊЕ** - лице кое со осигурувачот склучува договор за осигурување;

**ОСИГУРЕНИК** - лице чија одговонеот е покриена со осигуруавње.

**ПРЕМИЈА** - износ кој договорувачот е должен да го плати на осигурувачот врз основа на договорот за осигурување

**СУМА НА ОСИГУРУВАЊЕ** - износ на кој имотот, односно имотниот интерес е осигурен, највисокиот износ на обврската на осигурувачот за еден осигурен случај

**АГРЕГАТЕН ЛИМИТ** – претставува максимална обврски на осигурувачот, како кумулативен збир за сите осигурени случаеви остварени во периодот на осигурување .

**ПОЛИСА** - документ на договорот за осигурување.

**ОСИГУРАН СЛУЧАЈ** - дефект , настанат како резултат на целосно или делумно нефункционирање на делови на возилото исклучиво наведени и признаети според основната гаранција на производителот на возилото.

**ИЗВОР НА ОПАСНОСТ** – дејност ( занимање ),предмети , опрема , правен однос или одредено својство од кое може да се генерира ризик кој е покриен со ова осигурување.

**ВРАБОТЕНИ** – домашни или странски физички лица кои се во работен однос кај работодавачот, како и лице кое по било кој основ извршува некое дејство или врши обука за работа кај работодавачот, освен лице кое е во работен однос кај работодавачот поради извршување на работи како куќни помошници.

## ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

Член 2

Предмет на осигуруавње според овие услови е граѓанска правна одговорност на осигуреникот – работодавачот за предизвикана штета, со смрт, повреда на телото или нарушување на здравјето (утврдена инвалидност при вршењето на работните задачи како последица пропуст на работодавачот утврдена согласно законски прописи) или уништување на предмети на вработените, предизвикани со ненадејни и неочекувани штетни настани.

Со ова осигурување е покриена одговорноста за предизвикана штета настаната како последица од регистрирана дејност на осигуреникот, или од поседување на опрема и предмети, или имот како извор на опасност прикажани во полисата за осигурување.

## ПРОШИРУВАЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕ

Член 3

Во рамките на осигурените извори на опасност наведни во полиса, опфатена е и одговорноста на осигуреникот од користење односно поседување, закуп и плодоуживање на земјиште, објекти и простории кои се се користат исклучиво за потребите на дејноста и занимањето на осигуреникот .

Во случај на доплаток за проширено покритие по дефиницијата а чисто имотна штета се смета дека со осигурувањето е покриена одговорност за штети кои не настанале ниту со повреда на тело или здравје на некои лице, ниту со оштетувања или уништување на предмети на трето лице, со плаќање на дополнителна премијата покрај основни ризици, се опфатени и дополнителните ризици согласнот на клаузула К-13/1.



Акционерско друштво за осигурување ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп Скопје
Бул. Борис Трајковски бр.62, 1000 Скопје, Р. Македонија
Тел.+389 (02) 32 31 631 Факс. +389 (02) 32 31 632 е-пошта: winner@winner.mk

## ОСИГУРУВАЊЕ ОД НОВИ ИЗВОРИ НА ОПАСНОСТИ

Член 4

1. Ако посебно се договори , осигурителното покритие може да се прошири на одговорност за нови извори на опасност, кои се случуваат и појавуваат кај осигуреникот по склучувањето на договорот за осигурување, ако за новиот извор на опасност не е склучено посебно осигурување или не е опфатен со посточкиот договор за осигурување.
2. Осигуреникот е должен веднаш по појавата на нов извор на опасност го извести осигурувачот во писмена форма за појавата на нов извор на опасност.
3. Осигурувачот е должен во рок од осум (8) дена од денот на приемот на известувањето наведено во претходниот став го извести осигуреникот за прифаќање на новиот извор на опасност. Во спротивно, се смета дека новиот извор на опасност е опфатен во договорот за осигурување, само во случај кога новиот извор е опфатен со условите и тарифата, под кои е склучено осигурувањето.
4. Осигурувачот го задржува правото за пресметување на дополнителна премија за осигурување на нови извори на опасност наведни во претходните ставови на овој член, како и правото да не се прифатат новите извори на опасност, за што ќе го извести осигуреникот во рок определен во претходниот став.
5. За новите извори на опасност важи осигурената сума наведена во полисата за осигурување за претходно осигурани извори на опасност.
6. Во никој случај не можат да се договорат следните извори на опасност:
   1) одржување и користење на железница (пруги), театри, кина, циркус и снимање на филмови
   2) одржување и употребата на авиони, возила на вода и моторни возила;
   3) производство, складирање, транспорт, употреба и трговија со експлозивен материјал, освен ако не е одобрен од страна на надлежниот орган;
   4) лов како професија и ловелки спорт.

## ИСКЛУЧУВАЊЕ ОД ОСИГУРУВАЊЕ

Член 5

1. Осигурувачот не признава и не надоместува штета предизвикана со намера или со грубо невнимание. За груба намера или невнимание се смета:
   - Ако осигуреникот нема склучено работен однос со вработените;
   - Свесно знаење за расипаност или дефекти на материјалите, суровини и производи, како и средствата за работа;
   - Намерно спогодување спротивно на важечки законски прописи;
   - Издавање на налози за работа на вработените спротивна на интерните акти и познати оперативни процедури;
   - Издавање на налози за работа на работникот да врши работа или активност во врска со работата спротивно на прописите за безбедност и здравје при работа и спротивно други прописи кои го гарантираат здравјето и безбедноста, како и превземените мерки од страна на осигуреникот за истото при упатување на работник на работа или престој во странство поради службени причини во рамките на работниот однос.
2. Ако посебно не се договори, осигурувачот не ги покрива штети настанати поради учество во коњички, велосипедистички, моторциклистички и и автомобилски трки, бокс и боречки спортови учество и подготовка за трка и борба (обука), кои за своите вработени ги организира осигуреникот.



Акционерско друштво за осигурување ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп Скопје
Бул. Борис Трајковски бр.62, 1000 Скопје, Р. Македонија
Тел.+389 (02) 32 31 631 Факс. +389 (02) 32 31 632 е-пошта: winner@winner.mk

3. Од осигурување се исключени барања за надомест на штета :

- од производи што се продаваат од страна на осигуреникот, како и штета предизвикана од некој производ со негов недостаток или од недозавршена работа по примопредавањето на прозводот (одговорност од употреба на производ)
- кои не спаѓаат во рамките на која било од штети предизвикана со повреда на телото или здравјето на човекот, дури и во "чисто имотни штети “, во огласност со клаузулата
- за предмети на вработени кои не спаѓаатво лични работи кои се неопходни или вообичајни за извршувањето на својата работа кај работодавачот. Ако посебно не се договори не се надоместуваат штети на превозни средства во сопственост на вработените.
- трајни дејства од температурата, гас, converted пареа, влага или врнежи, (чад, прашина, итн) што резултира со постепено формирање на штета;
- еколошка штета;
- поради употребата не атестирани работни алатки и помошни средства за работа;
- штета нанесена на осигуреникот, брачен другар на овластените лица кај осигуреникот, деца и други лица кои живеат со него во заедничко домаќинство и лица за кој е должен да ги издржува;
- штета поради ефектите на нуклеарната енергија;
- одговорност за штети од чување или употреба на моторните возила кои се предмет на задолжително осигурување, авиони, возила, вода приколки и самоодни работни машини;
- за штети кои произлегуваат од фактот што осигуреникот не спроведувал мерки за да се спречи реализацијата или зголемување на ризикот (превентивни мерки) како што се бара од страна на осигурувачот. Како дополнителна опасност се зема околноста што во минатото веќе довела до штетен настан .
- штети настанати како последица од професионално заболување на вработените кај осигуреникот (електромагнетно зрачење, генетски промени, Салмонела труење ...);
- од осигурување е исклучена одговорност на социјално-политички заедница (партии ) за штета настанати со смрт или телесна повреда на лице или оштетување на имотот поради акт на насилство или при јавни демонстрации и манифестации;
- од осигурувње се исклучени регресни побарувања на фондови на социјално осигурување, пензиски фондови и инвалидско осигурување, како и останати фондови кои исплаќаат надомест по основ на уплатени доприноси.
- штети директно или индиректно произлегуваат од користењето на азбест или други супстанции кои содржат азбест, без оглед на количината.

· штета предизвикана од војна, употреба на сила од страна на државата или против државата и нејзините органи, насилство, политички и терористички организација на насилство за време на јавни собири, настани и конференции, како и насилство во текот на штрајкови и отпуштања работници. Осигурување не се однесува на надоместок штета предизвикана од терористичките акти.

5. Чисто финансиска штета - штета која се состои непосредно во пари, а не е во никаква врска со штета на предмети, ниту со штета на лица, освен ако поинаку не е договорено и тоа е назначено во полисата



Акционерско друштво за осигурување ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп Скопје
Бул. Борис Трајковски бр.62, 1000 Скопје, Р. Македонија
Тел.+389 (02) 32 31 631 Факс. +389 (02) 32 31 632 е-пошта: winner@winner.mk

## ТЕРИТОРИЈАЛНО ВАЖЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

Член 6

1. Со осигурувањето се офатени осигурени случаеви настанати на територијата на Република Македонија и земјите членки на Европската Унија.

2. За надвор од географско подрачје од Европа, може да се договори со посебно одобрение на Осигурувачот, однсно Управниот одбор кај осигурувачот, со пресметка на дополнителна на премија.

## ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ

Член 7

1. Се смета дека осигурен случај настанал во моментот кога вработениот претрпел штетени последици од работотдавачот во смисол на членот 2 од овие услови.

2. Повеќе штетни настани кои произлегуваат од истата причина или истоврсни, временски-поврзани причини, се смета за еден осигуренин случај - сериска штета.

3. Моментот на настанување на сериска штета се смета времето кога настанала првата штета во однос на овој момент, се одредува обемот на догвореното осигурително покритие за вкупна штета во низа.

4. Во колку првата штета во низа настанала пред почетокот на договорот за осигурување и за истиот осигураникот или договорувачот не или не можеле да знаат, како прва штета во низа се смета за првата штета што се случила по почетокот на договорот за осигурување.

5. Во колку првата штета во низа се случила за време на прекин на договорениот период на осигурување и за истиот осигураникот или договорувачот не или не можеле да знаат, како прва штета во низа се смета првата штета која се случила по продолжување на договорениот период на осигурувањето.

## ВРЕМЕНСКА ВАЖНОСТ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

Член 8

1. Осигурувачот е во обврска само тогаш кога осигурениот случај настане за време на траењето на осигурувањето.

2. Осигурен случај кој се случува во текот на траењето на осигурувањето, кој е предизвикана од причина настаната во периодот пред склучувањето на договорот за осигурување или во времето кога осигурување е во прекин, покриен е со осигурување само тогаш ако на договорувачот на осигурување или осигуреникот до почетокот на осигурување или повторно започнување на осигурувањето не им бил познат или не можело да им биде позната причината од која осигурениот случај потекнува.

3. За штети поради нарушување на здравјето, кои се појавуваат постепено, во случај на сомневање , се смета дека е штетениот настан се случил од датумот на првите наоди на лекарите е утврдено нарушување на здравјето.

4. Крајниот рок за поднесување на барања за надомест на штета на оштетено трето лице по основ на права од осигурувањето по полисата за осигурување е во согласност со одредбите од ЗОО.

## СУМА НА ОСИГУРУВАЊЕ

Член 9

1. Сума на осигурување се договара во фиксен паричен износ и претставува максимална обврска на осигурувачот по еден осигурен случај од член 7 од овие услови, без оглед на бројот на оштетени лица и лица чија одговорност е покриена со осигурување.



Акционерско друштво за осигурување ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп Скопје
Бул. Борис Трајковски бр.62, 1000 Скопје, Р. Македонија
Тел.+389 (02) 32 31 631 Факс. +389 (02) 32 31 632 е-пошта: winner@winner.mk

2. Сумата на осигурување наведена во претходниот став се однесува на случај на смрт, повреда на телото или здравјето, или оштетување е уништување на предмети на вработените, која по поединечни ризици може да изнесува најмногу

- за смрт, максимална сума на осигурување по штетен настан до 300.000 денари
- за повреда на телото и здравјето (инвалидност), максимална сума на осигурување по штетен настан до 800.000 денари; Во случјај на договорена сума на осигурување помала од кумулативот на маскималните поединечни

суми на осигурување , максималниот износ на наведните суми се одредува во соодност на двете суми во однос на сумата на осигурување.

3. Вкупната обврска на осигурувачот за сите осигурени случаи случени во една година за осигурување, не може да го помине износ од 4 (четири) договорени суми на осигуривања од став 1.

4. Вкупната годишна сума – агрегатна сума, претставува вкупна обврска на осигурувачот за сите осигурени случаи во една година на осигурување и не може да помине износ од 4 (четири) договорени суми на осигурувања.

5. Агрегатната сума се намалува со секоја исплата на поединечен надомест. По исцрпувањето на годишна сума – агрегатна сума, осигурување престанува да важи.

## ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ОСИУРУВАЊЕ

Член 10

За склучување на осигурување по овие услови, осигуреникот е должен да достави на осигурувачот:

- Потврда (список) на вработени лица во редовен работен однос, заверен и потпишан од овластеното лице кај работодавачот;
- Тековна состојба за работодавач;
- Рекапитулар за плати (образец на УЈП) од последен месец пред склучувањето на осигурувањето;

## ОБВРСКА НА ОСИГУРЕНИКОТ ПО НАСТАНУВАЊЕ НА ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ

Член 11

1. Осигуреникот е должен да го извести Осигурувачот за настанување на осигурен случај како и да поднесе пријава за надомест на штета најкасно во рок од 3 (три) дена од денот на сознавање на тоа.

2. Осигуреникот е должен да го извести Осигурувачот и тогаш кога барањето за надоемест за штета против него биде истакнато преку суд, кога би бил ставен во пртитвор, како и тогаш кога против него ќе биде поведена постпка за обезбедување на докази.

3. Ако е започната истрагата, подигнато обвинение, или се донесе одлука за кривична постапка, осигуреникот е должен веднаш за тоа да го извести осигурувачот, дури и ако веќе пријавил осигурен случај. Исто така е должен да достави извештај (наод) од надлежен орган во врска со осигурениот случај.

4. Ако со осигурувањето е покриен ризикот кражба на предмети, осигуреникот е должен веднаш да ја пријави кражбата кај надлежен орган согласно законска регулатива.

5. Осигуреникот не е овластен, без претходна согласност од осигурувачот се изјаснува во однос на барањето за надомест на штета, а особено да не го признае потполно или делумно, или барањето за надомест на штета да го компензира или да направи исплата.

Ако Осигуреникот во заблуда мислел дека постои неговата одговорност или дека се правилно утврдени фактите, тоа не го оправдува.



Акционерско друштво за осигурување ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп Скопје
Бул. Борис Трајковски бр.62, 1000 Скопје, Р. Македонија
Тел.+389 (02) 32 31 631 Факс. +389 (02) 32 31 632 е-пошта: winner@winner.mk

6. Доколку не постои согласност за надоместок од осигурувањето во вонсудска постапка, така што оштетениот поднесе тужба против осигуреникот во парнична (граѓанска) постапка или е покрената кривична постапка во врска со штетата, осигуреникот е должен да го извести Осигурувачот за судскиот спор, односно тужба и сите докумнети во врска со настанатата штета и барањето за надоместок на штета, како и да го вклучи осигурувачот како заинтересирано лице на страната на вмешувач во таа постапка.

7. Ако осигуреникот е против предлогот на осигурувачот барањето за надомест на штета се реши со компензација, Осигурувачот не е обврзан да плаќа дополнителни трошоци, камата и трошоци кои се настанати поради тоа.

8. Во случај да оштетено лице (трето лице) со барање за надомест за штета директно се обрати кај осигурувачот, осигуреникот е должен да му ги даде на осигурувачот сите докази и информации кои му се достапни, и кои се неопходни да се утврди одговорност за предизвикување на штетата и за оценување на основаноста на барањето, обемот и висината на штетата.

9. Ако поради променетите околности, осигуреникот стекнува право да ја прекине или да се намали рентата на оштетениот, должен да го извести осигурувачот.

10. Доколку осигуреникот не се придржува кон обврските содржани во овој член, сите штетни последици кои произлегуваат од тоа, ги сноси и се на товар на осигуреникот.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 15

Постапка по приговори

Во случај осигурувачот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од 8 дена од приемот на писменото известување од осигурувачот, до Второстепената комисија за решавање на штети по приговор, која е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

Постапка по жалба

Договорувачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија на осигурување како орган надлежен орган за супервизија на друштвата за осигуруавње.

Решавање на спорови

Евентуалните спорови кои би произлегле од договорот за осигурување, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку до спогодба не дојде надлежен е Основен суд Скопје 2 Скопје.



Акционерско друштво за осигурување ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп Скопје
Бул. Борис Трајковски бр.62, 1000 Скопје, Р. Македонија
Тел.+389 (02) 32 31 631 Факс. +389 (02) 32 31 632 е-пошта: winner@winner.mk

## КЛАУЗУЛА К- 13/1 : Чисто Имотна штета

**1.**Во случај на проширено осигурување во смисол на доплатокот за чисто имотни штети важат одредбите од Условите за осигурување и оваа клаузула, како е подолунаведено.

**2.**Се смета дека осигурен случај настанал, тогаш кога е направено дејство или пропуст при извршување на дејност наведена во полиса, поседување на предмети и слично (извор на опасност) со кои е предизвикана чисто финансиска штета на некое лице.

**3.**Ако штета се случила поради не извршување на некое дејство , се смета, во случај на сомневање, да пропопустот настанал оној ден кога пропуштеното неизвршено дејство морало најкасно да се изврши, за да се избегне предизвикување и настанување на штета.

**4.**Од осигурување се исклучени штети :

- Надвор од територија на РМ
- Поради пречекорување на пресметки и кредити
- Од област на права на интелектуална сопственост и од област на трудово право
- Поради не исполнување и ненавремено исполнување на договорени обврски и пречекорување на рокови
- за посредување во монетарната и други економски активности, без оглед на тоа дали тоа е бесплатно или се наплатува
- кои се случиле поради недостиг на готовина во благајна, грешки при исплата и проневера од страна на вработени на осигуреникот
- кои произлегуваат од свесно прекршување на законските прописи или на условите на осигурување, или друго свесно прекршување на своите обврски
- штети причинети од страна на осигуреникот со превид, грешка во пресметка, фактура, профактура, мерки во цртеж и слично.

**5**.За ризкот покриен со оваа Клаузула , максимална обврска на осигурувачот е **10% од сумата на** осигурување наведена на полиса, но во **максимален износ од 10.000 Евра**

**6.**Задолжителна франшиза во секој штетен настан во износ од **10% или минимум 1000 Евра**.

**7**.Проширување на осигурителното покритие по оваа клаузула не важи и не може да се примени за одговорнсот од употреба на производ ,како ни за одговорност за загадување на животна средина.



Акционерско друштво за осигурување ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп Скопје
Бул. Борис Трајковски бр.62, 1000 Скопје, Р. Македонија
Тел.+389 (02) 32 31 631 Факс. +389 (02) 32 31 632 е-пошта: winner@winner.mk